## Конкурс за ангажирање на Психолог во Советувалиште за жени жртви на родово базирано и семејно насилство во рамки на НСРР

### 1. За Сојуз - Национален Совет за Родова Рамноправност

Националниот совет за родова рамноправност (НСРР) е национална мрежа на локални женски организации посветена на родова рамноправност, заштита на женските и човековите права, развој и градење мир. НСРР има мисија да ги промовира правата на жените, да работи на елиминација на сите форми на дискриминација на жените и на изградба на општество со еднакви можности за сите.

За спроведувањето на својата програма за 2024 НСРР обезбеди оперативен грант од фондови на Европската Унија. Во согласност со Стратегијата на НСРР, целта на годишната програма е да придонесе кон родова рамноправност и почитување на човековите права во Република Северна Македонија. Една од целите на кои се фокусира НСРР во текот на 2024 година е: Специфично во текот на 2024 година со поддршката обезбедена од ЕУ НСРР ќе се стреми кон:

- Намалување на родово - базирано насилство, насилство врз жената и семејно насилство, како и реинтеграција на жртвите од родово - базирано насилство, насилство врз жената и семејно насилство;

### 2. Опис на работни задачи

Работни задачи што треба да бидат реализирани од страна на кандидатот/ката се следниве:

- Да пружи психолошко советување на жени жртви на родово базирано и семејно насилство, со цел одржување на нивното ментално здравје;
- Да отвори и да води досие за секоја корисничка на услугата;
- Да води и поднесува квартални и годишни извештаи поврзани со психолошкото советување во рамки на Советувалишниот центар до програмскиот тим на НСРР;
- Да пружи онлајн психолошко советување за жените жртви на семејно и родово базирано насилство преку https://nsrr.org.mk/digitalno-sovetuvaliste/ ;
- Да учествува во иницијативи на организацијата од програмата за превенција и заштита на жените од родово базирано и семејно насилство;
- Да ги придружува жртвите до релевантните институции (доколку е потребно);
- Да биде во постојана комуникација со релевантните институции и организации кои работат во областа на превенција и заштита од семејно и родово базирано насилство;
- Да учествува и да ја претставува организацијата на обуки, семинари, работилници во областа на семејно и родово – базирано насилство;
- Да учествува во активности поврзани со промоција на програмските активности на НСРР и Советувалишниот центар при НСРР;
- Да биде во постојана комуникација и соработка со останатите членови на Советувалишниот центар и извршната канцеларија при НСРР;
- Да биде во постојана комуникација и координација со програмскиот тим на НСРР;

**3. Квалификации и барања што треба да ги задоволат кандидатите/ките:**

Ве охрабруваме да се пријавите доколку имате:

- Универзитетска диплома во областа на психологијата;
- Лиценца од Коморатa на психолози на РСМ
- Постдипломски и докторски студии ќе се сметаат за предност;
- Одлично познавање на македонски и англиски јазик, албански јазик ќе се смета за предност;
- Одлични организациски и комуникациски вештини;
- Доверлива личност која ги почитува принципите и политиките на организацијата;
- Одлични способности за работа во тим;
- Одлично познавање на MS Office програмите;
- Најмалку една година работно искуство;
- Познавање на закони, политики и програми поврзани со семејно и родово – базирано насилство во РСМ ќе се смета за предност;
- Искуство во работа со жени жртви на семејно и родово базирано насилство ќе се смета за предност;
- Искуство и познавање на граѓанскиот сектор ќе се смета за предност.

**4. Времетраење и период на спроведување на активностите**

Кандидатот/ката ќе биде хонорарно ангажиран/а со можност за продолжување до крајот на 2024 година. Работното време е флексибилно и изнесува 20 часа неделно. Месечниот бруто хонорар изнесува 12 000 МКД. Ангажманот започнува од 01.06.2024 година во Скопје.

**5. Пријавување и избор**

Заинтересираните кандидати/ки можат да се пријават со доставување на следниве документи:

- Професионално CV;
- Писмо за искажување на интерес на македонски јазик;
- Скенирана диплома за завршено образование;
- Скенирана лиценца издадена од Комора на психолози на РСМ
- Најмалку две референци од претходни работни места, пракси, волонтирање и др.

Пријавите треба да се доставaт најдоцна до **31.05.2024 година** на е-пошта: sozm@t.mk -, stankovikmartina@gmail.com и teazografska@gmail.com, со предмет: Апликација за **Психолог во Советувалиште за жени жртви на родово базирано и семејно насилство 2024 година**

Кандидатите/ките кои ќе влезат во потесен избор ќе бидат повикани на интервју. Апликации со нецелосна документација нема да се разгледуваат.